438/02.06.
Крстевска

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Арх.знак/Shenja ark.
Рок на чување/Afati i ruajtjes ____ год./vit/e.
____ 20__ год.
Потпис/Nënshkrimi

Бр. 02-1763/1
01.06 2022 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

До:

Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство
Ул. Аминта Трети бр. 2 1000 Скопје

Предмет: Известување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 01.06 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 02 | 6065/1 | | |

Почитувани,

Во врска со Вашите забелешки доставени на ЕНЕР од страна на Ветеринарна Комора на Република Северна Македонија, а по однос на предлог текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство, Ве известуваме за следното:

1. Во однос на предлогот и забелешките , ветеринарните амбуланти да НЕ бидат изземени од овластувањето за спроведување на активности од јавен интерес, забелешката не се прифаќа.

Образложение:

Заради обезбедување и спроведување на функционален ефективен систем за здравствена заштита на животните, брза реакција во случај на сомневање или појава на особено опасни болести, вклучително и обезбедување на целосна 24 часовна покриеност на ветеринарни активности од јавен интерес, ветеринарните амбуланти со лимитираниот капацитет во однос на вработени доктори по ветеринана медицина и друг технички капацитет, согласно согледувањата од досегашната пракса, не се во можност квалитетно и навремено да ги спроведуваат ветеринарните активности од јавен интерес.
Со оглед дека во амбулантите е вработен само еден доктор по ветеринарна медицина, а имајќи предвид дека одреден број активности од јавен интерес се поврзани со рокови утврдени со закон, како активностите поврзани со идентификација и регистрација на животни, пристап и внесување на податоци во информативниот систем на АХВ, амбулантите не се во можност да обезбедат навремено завршување на обврските, во случај која има потреба од замена на докторот по ветеринарна медицина (користење на годишен одмор, или друго отсуство).

Од друга страна, со цел подобрување на функционалноста на системот за здравствена заштита на животните, АХВ мора да обезбеди ефективност во работењето, имајќи го предвид бројот на официјални ветеринари кои имаат обврска да ја верификуваат работата на ветеринарните друштва кои се овластени за вршење на активности од јавен интерес и намалување на административното оптоварување, со повеќе од 130 ветеринарни друштва кои имаат овластување.

Со почит,

**В.Д. Директор,**
Николче Бабовски

Изготви:
Работна група за изготвување на Предлог Законот за ИД на Законот за ветеринарно здравство
- Светлана Томеска Мицкова
- Вања Кондратенко
- Ванчо Новоселски
- Блажо Јаневски
- Сашко Арсов
- Грета Николовска
- Симо Костов
- Бојана Петровска
- Никола Гогу

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваните
- Архива на АХВ